РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 02-3952/1
21.06.2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 03-433/1
21-06 20 23 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден 21.06.2023 година

Поаѓајќи од заеднички утврдениот интерес за остварување на меѓусебна соработка изразена од областа на агробидиверзитет, промовирање на агроеколошки мерки како други активности поврзани со областите чиј предмет на интерес е на двете страни потписници, а потпирајќи се врз правната рамка со која се регулираат надлежностите, се согласија да потпишат Меморандум за соработка.

1. **Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија**, со седиште во Скопје, на Плоштад Пресвета Богородица"бр.3, Скопје застапуван од Министерот г-ѓа Каја Шукова (во натамошниот текст: МЖСПП), и

2. **Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје**, со седиште на улица "16-та Македонска Бригада" бр.3 - Скопје, застапуван од Деканот проф. д-р Вјекослав Танасковиќ, (во натамошниот текст: ФАКУЛТЕТОТ),

## Област на соработка
## Член 1

МЖСПП и ФАКУЛТЕТОТ, меѓусебната соработка ќе ја остваруваат преку размена на искуства и едукација и од областите за кои двете страни имаат кадровски, материјални и други капацитети и способности.

## Видови на соработка
## Член 2

МЖСПП и ФАКУЛТЕТОТ меѓусебно ќе соработуваат преку различни видови на соработка, а особено преку:

- Заедничка организација на семинари, работилници, стручни дискусии, обуки и други форми на едукативна соработка,
- Соработка преку размена на податоци и информации,
- Овозможување на взаемно користење на податоци и информации од заеднички интерес на двете страни,

- Давање на взаемна експертска помош при изработка на одредени анализи од заеднички интерес на двете страни,
- Соработка поврзана со прашања од Агробиодиверзитет
- Промовирање на агро еколошки мерки
- Поддршка за ратификација на Нагоја протокол
- Заеднички настап за проекти за добивање на странски инвестиции
- Прашања и активности поврзани со климатските промени
- Соработка во други взаемно договорени активности.

**Начин на реализирање на соработката**
**Член 3**

Соработката од членот 2 на овој Меморандум ќе се остварува преку достава на барања и други форми на меѓусебна комуникација, како взаемно прифатлив начин на коресподенција за секој одреден облик на соработка.

**Контакт лица**
**Член 4**

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку овластени контакт лица.

**Решавање на спорови**
**Член 5**

Споровите настанати во текот на спроведувањето на овој меморандум, ќе се решаваат спогодбено помеѓу страните потписници на истиот, во духот на меѓусебно искажаната спремност за соработка.

**Измена на меморандумот**
**Член 6**

Овој меморандум може да се отповика, измени и дополнува со писмена согласност помеѓу двете страни.

## Член 7
## Временска важност на меморандумот

Меморандумот се склучува за период од 2 (две) години сметано од денот на потпишување на истиот.

Временската важност на меморандумот може да се продолжи со писмена согласност од сите страни.

## Член 8

Меморандумот е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по два за потписниците на меморандумот.

## Влегување во сила
## Член 9

Овој меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија**

**Г-ѓа Каја Шукова**

______________________

**Министер**

**Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**

**Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ**

______________________

**Декан**